ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Општина Бутел

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година _ Сметка на основен буџет (630)

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- постојат слабости при спроведување на процесот на буџетирање, реализирани се околу 80% од планираните приходи и расходи со Буџетот на општината;
- при спроведување на постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти не се доставува годишен извештај до Министерството за транспорт и врски;
- утврдени недоследности во делот на постапката на давање под закуп на деловен простор.

**Издадено мислење*:**
Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на елементите од финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и резултатите на финансиските активности како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2021 година.

**Клучни препораки:**
- да се преземат мерки и активности за почитување на роковите утврдени со буџетскиот календар;
- да се преземат мерки и активности за воспоставување на Регистар за недвижен имот;
- усогласување на Правилникот за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општината со Законот за користење и располагање со ствари.

**Клучни системски слабости:**
Констатирани се повеќе состојби поврзани со приходите од наплатата на комуналните такси, од давање на земјоделското земјиште во државна сопственост на користење, надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, неуспогласеност на на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на градоначалникот на општина Бутел.

**Одговор на добиени забелешки:**
Делумно е прифатена една забелешка додека останатите забелешки се одбиени.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување